13. II 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 3 февруари 1989
Скопје
Број 4 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 1.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**22.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИЧАРИТЕ И СКИ-ЛИФТОВИТЕ

Се прогласува Законот за жичарите и ски-лифтовите,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 јануари 1989 година.

Бр. 08-378/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ЖИЧАРИТЕ И СКИ-ЛИФТОВИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се пропишуваат условите за изградба и одржување, начинот на вршењето на сообраќајот, како и мерките на безбедност на сообраќајот на жичарите или ски-лифтовите.

Член 2

Жичара, во смисла на овој закон, е средство за превоз на патници што се движи по јажиња.

Ски-лифт, во смисла на овој закон, е средство за влечење на скијачи по снег со влечно јаже.

Член 3

Сообраќајот и одржувањето на жичарите или ски-лифтовите, го вршат организации на здружениот труд и други општествени правни лица регистрирани за таа дејност (во натамошниот текст: превозник).

### II. ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И ОПРЕМА НА ЖИЧАРИТЕ И СКИ-ЛИФТОВИТЕ

Член 4

Изградбата и одржувањето на жичарите или ски-лифтовите се врши според одредбите на овој закон, Законот за изградба на инвестициони објекти, како и техничките прописи, стандарди и нормативи од оваа област.

Член 5

Траса на жичара и ски-лифт, во смисла на овој закон, е просторот во кој се наоѓа опремата, уредите, телекомуникациите, сигнално-сигурносните и други постројки, земјишниот и воздушниот простор под и над жичарата и ски-лифтот и заштитниот појас.

Заштитен појас е просторот околу погонската станица на жичарата или ски-лифтот, просторот над и под трасата и од двете страни на трасата.

Широчината на заштитниот појас се определува со техничката документација зависно од елементите на жичарите или ски-лифтот и влијанието на другите околности на безбедноста на трасата.

Член 6

Во заштитниот појас на жичарата или ски-лифтот не може да се градат и поставуваат уреди и опрема, и вршат други работи кои ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот.

Член 7

Одобрение за изградба на жичара или ски-лифт издава републичкиот орган на управата надлежен за работите на градежништвото.

Член 8

По извршената изградба на жичара и ски-лифт се врши технички преглед заради утврдување на нивната исправност за употреба.

Технички преглед на жичара или ски-лифт врши комисија што ја формира републичкиот орган на управата надлежен за работите на градежништвото.

Член 9

Жичара или ски-лифт се дава во употреба врз основа на решение што го донесува републичкиот орган на управата надлежен за работите на градежништвото.

Член 10

Превозникот може, за одржување на жичарата или ски-лифтот, да преземе мерки за осигурување на столбовите, јажињата и другите уреди на земјиште во општествена сопственост и земјиште врз кое постои право на сопственост.

Превозникот е должен да ја надомести штетата предизвикана со дејствата од став 1 на овој член.

Член 11

Во текот на употребата се вршат прегледи на одделни елементи и склопови на жичарата или ски-лифтот.

Прегледите кај жичарите се дневни, неделни, месечни, полугодишни, годишни и двегодишни, а кај ски-лифтовите дневни, месечни и годишни.

Дневните, неделните, месечните, полугодишните и годишните прегледи кај жичарата и дневните и месечните прегледи кај ски-лифтот ги врши превозникот.

Двегодишните прегледи кај жичарата, годишните прегледи кај ски-лифтот, како и прегледите извршени по ремонт ги врши организација на здружениот труд која е регистрирана за вршење на прегледи од став 1 на овој член.

Член 12

Станица на жичарата или ски-лифтот е уредено и означено место на трасата и има ознака на станицата, истакнат возен ред и знаци за опасности и известувања.

## III. УСЛОВИ И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ

Член 13

Превозот на жичарата или ски-лифтот се врши како јавен превоз, според утврден возен ред.

Возниот ред го утврдува превозникот.

Превозникот е должен да се придржува на утврдениот возен ред.

Член 14

Во случај на временски непогоди (луња, грмотевица и сл.) жичарата или ски-лифтот не смеат да се пуштат во работа.

Член 15

Превозникот е должен да ги преземе сите потребни мерки и работи во поглед на одржувањето, организацијата на сообраќајот и обезбедувањето на услови за безбедност на сите лица кои се наоѓаат во заштитниот појас на жичарата или ски-лифтот.

Член 16

Патниците на жичарите или ски-лифтовите се должни да се придржуваат кон означениот начин на движење и на знаците за предупредување и опасност и не смеат со своето однесување да ја загрозат личната безбедност и безбедноста на другите корисници.

Член 17

Жичарите имаат опрема за спасување на патниците во кабините и седиштата.

Во станицата на жичарата има соодветна просторија за давање прва помош и опрема за превоз на повредените.

Член 18

Во случај на несреќа која има за последица смрт или потешки повреди на лицата или поголема материјална штета, одговорното лице на превозникот е должно веднаш да го извести надлежниот орган за внатрешни работи и Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски.

Член 19

Превозникот е должен во случај на застој на работата на жичарата, да се грижи за безбедноста на лицата и да обезбеди нивно враќање до почетната станица.

Член 20

Во случај на привремен застој на работата на жичарата, превозникот ги известува патниците за времето на застојот.

## IV. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 21

Инспекциски надзор над извршувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и на техничките прописи, стандарди и нормативи за жичарите и ски-лифтовите врши Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски.

Член 22

Работите на инспекцискиот надзор ги вршат инспектори за жичари и ски-лифтови.

За инспектор за жичари и ски-лифтови може да се назначи дипломиран електро-инженер, дипломиран машински инженер и дипломиран градежен инженер со најмалку три години работно искуство во струката.

Член 23

Инспекторите за жичари и ски-лифтови ги вршат работите на инспекцијата самостојно и донесуваат решенија во рамките на овластувањата определени со овој закон.

Против решението на инспекторот за жичари и ски-лифтови може да се изјави жалба до републичкиот орган на управата надлежен за работите на жичарите и ски-лифтовите во рок од 8 дена од денот по приемот на решението.

Жалбата против решението на инспекторот за жичари и ски-лифтови го одлага извршувањето на решението.

По исклучок од став 3 на овој член, жалбата не го одлага извршувањето на решението ако се работи за преземање на итни и неодложни мерки во интерес на безбедноста и уредноста на превозот или ако поради одлагање на спроведувањето на мерките би можело да дојде до загрозување на безбедноста на сообраќајот на жичарата или ски-лифтот.

Член 24

Инспекторот за жичари и ски-лифтови има посебна легитимација што ја издава републичкиот орган на управата надлежен за работите на жичарите и ски-лифтовите.

Се овластува функционерот што раководи со републичкиот орган на управата надлежен за работите на жичарите и ски-лифтовите да го пропише образецот на легитимацијата.

Член 25

Превозникот е должен да им овозможи на инспекторите за жичари и ски-лифтови вршење на инспекцијата, прегледи на сите објекти, уреди и документација на жичарата или ски-лифтот, како и да им дава потребни податоци и известувања.

Член 26

Инспекторот за жичари и ски-лифтови има право да:

1. Нареди неправилностите што ќе ги утврди да се отстранат во определен рок;

2. Забрани или ограничи сообраќај на жичарите или ски-лифтот, ако е загрозена безбедноста на сообраќајот и луѓето;

3. Ја забрани работата на жичарата или ски-лифтот ако не се вршат редовно пропишаните прегледи; и

4. Ги отстрани работниците од работните места кои не ги исполнуваат пропишаните услови, во поглед на стручната подготовка и работното искуство.

## V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Со парична казна од 1.000.000 до 6.000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружениот труд или друго правно лице ако:

1. Во заштитниот појас на жичарата или ски-лифтот гради или поставува уреди и опрема, како и ако врши други работи кои би можеле да ја загрозат безбедноста на сообраќајот (член 6);

2. Жичарата и ски-лифтот ги пушти во работа во услови на временски непогоди (член 14);

3. Не ги преземе сите потребни мерки и работи во поглед на одржувањето, организацијата на сообраќајот и обезбедувањето на услови за безбедност на сите лица кои се наоѓаат во заштитниот појас на жичарата или ски-лифтот (член 15); и

4. Жичарата нема опрема за спасување на патниците од кабината и седиштата или ако не обезбеди соодветна просторија во станицата на жичарата за давање на прва помош и опрема за пренос и превоз на повредените (член 17).

Со парична казна од 100.000 до 800.000 динари за стопански престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или друго правно лице.

Член 28

Со парична казна од 150.000 до 1.000.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд, или друго правно лице ако:

1. Не ги врши прегледите од член 11 на овој закон;

2. На станицата на жичарата или ски-лифтот не постави ознака на станицата, не истакне возен ред и знаци за опасности и известувања (член 12);

3. Не го утврди возниот ред, или ако не се придржува на возниот ред (член 13);

4. Во случај на застој на работата на жичарата не се грижи за безбедноста на лицата и не обезбеди нивно враќање до почетната станица (член 19); и

5. Во случај на привремен застој на работата на жичарата на погоден начин не ги извести патниците за времето на застојот (член 20).

Со парична казна од 15.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или друго правно лице.

Член 29

Со парична казна од 50.000 до 300.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд или друго правно лице ако:

1. Го оневозможува вршењето на работите од делокругот на инспекторот или не му ги даде потребните податоци и известувања (член 25); и

2. Не постапи по решението на инспекторот за жичари и ски-лифтови (член 26).

Со парична казна од 5.000 до 30.000 динари ќе се казни за прекршок од став 1 на овој член и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или друго правно лице.

Член 30

Со парична казна од 10.000 до 40.000 ќе се казни за прекршок физичко лице ако не се придржува на означениот начин на движењето, знаците на предупредување и опасност или ако со своето однесување ја загрозува личната безбедност и безбедноста на другите корисници (член 16).

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Превозниците се должни да го усогласат вршењето на работите со одредбите на овој закон во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

Член 32

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 33

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат: Законот за жичари („Службен весник на СРМ“ број 35/67), Правилникот за безбедноста на сообраќајот на жичарата („Службен весник на СРМ“ број 27/69), Правилникот за жичари што се сметаат за мали („Службен весник на СРМ“ број 27/69), Упатството за податоците што треба да ги содржи потврдата за способност на жичарата за работа и за образецот на потврдата („Службен весник на СРМ“ број 27/69), Правилникот за стручната способност на работниците на самостојни работни места во машинското одделение на жичарата („Службен весник на СРМ“ број 27/69) и Решението за определување работни организации за прегледи на жичарите („Службен весник на СРМ“ број 27/69, 7/75, 30/79 и 10/86).

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**23.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 24 јануари 1989 година.

Бр. 08-379/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83 и 4/87), во член 1 по зборовите „осигурување на другите работни луѓе“, се додаваат зборовите: „на индивидуалните земјоделци“ и се става запирка, а по зборовите: „се утврдуваат и други права од ова осигурување на работниците во здружениот труд“ се става запирка и се додаваат зборовите: „на индивидуалните земјоделци“.

Член 2

Во член 2 се додава нов став 2, кој гласи:

„Индивидуалните земјоделци со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, ја обезбедуваат својата материјална и социјална сигурност во случај на загубување на работната способност и на старост, а во случај на смрт — права за члёновите на семејството“.

Член 3

Во член 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Работниците во здружениот труд, индивидуалните земјоделци и другите работни луѓе, како и работниците, индивидуалните земјоделци и другите работни луѓе кои ги оствариле правата од пензиското и инвалидското осигурување, односно правата од старосното осигурување на земјоделците (во натамошниот текст: корисници на пензија) од Социјалистичка Република Македонија својата материјална и социјална сигурност од пензиското и инвалидското осигурување ја обезбедуваат во Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Заедница), во која, врз начелата на заемност и солидарност и на минат труд и врз самоуправни основи ги утврдуваат своите заеднички и поединечни права и обврски.

Во став 2 по зборовите: „во здружениот труд“ се става запирка и се додаваат зборовите: „индивидуалните земјоделци“.

Член 4

Во член 4 став 1 по зборовите: „во здружениот труд“ се става запирка и се додаваат зборовите „индивидуалните земјоделци“.

Член 5

Во член 8 точката 7 се брише.

Член 6

Во член 9 по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) индивидуалните земјоделци — обврзници на данок од личен доход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (во натамошниот текст: „индивидуални земјоделци“). Досегашните точки 4), 5), 6), 7) и 8) стануваат точки 5), 6), 7), 8) и 9).

Член 7

По член 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

Правата од пензиското и инвалидското осигурување со доброволно осигурување ги обезбедуваат и остваруваат брачниот другар и другите членови на домаќинството на индивидуалниот земјоделец, брачниот другар и другите членови на домаќинството на сопственикот на земјоделско земјиште на кого земјоделската дејност не му е единствено занимање, како и лицата кои се занимаваат со земјоделска дејност со земјиште земено под закуп, со сточарство или со пчеларство на кои вршењето на дејноста им е единствено занимање под услови и на начин утврдени со самоуправен општ акт на Заедницата.

Како членови на домаќинството, во смисла на овој закон, се сметаат членовите на семејството кои со осигуреникот, односно корисникот на пензија имаат заедница на живеење, стопанисување и трошење на остварените приходи, без оглед на степенот на сродството“.

Член 8

Во член 16 по уводната реченица се додава нова точка 1, која гласи:

„1) за секои 7 години поминати во вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци;“.

По досегашната точка 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) за секои 3 години и 6 месеци поминати во вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци“.

Досегашните точки 1), 2) и 3) стануваат точки 2), 3) и 4), а точката 4) станува точка 6).

Член 9

Во член 19 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Пензиската основа на индивидуалните земјоделци се утврдува од основици на осигурување“.

Досегашниот став 3 станува став 4.

Член 10

Членот 28 се менува и гласи:

„Осигуреникот кој ги исполнува условите за здобивање со право на старосна пензија има право на најнизок износ на старосна пензија.

Најнискиот износ на старосната пензија го определува Заедницата со самоуправен општ акт, и тоа:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 35 години (маж), односно над 30 години (жена) најмалку во висина од 90 насто од загарантираниот личен доход;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена), најмалку во висина од 70 насто од загарантираниот личен доход;

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена), најмалку во висина од 50 насто од загарантираниот личен доход.

Член 11

Во член 29 ставот 3 се менува и гласи:

„Граничниот износ на најниското пензиско примање се определува најмногу до најнискиот износ на пензија од член 28 став 2 алинеја 1 на овој закон“.

Член 12

По член 29 се додава нов член 29-а кој гласи:

„Член 29-а

Како загарантиран личен доход се смета загарантираниот личен доход утврден со Законот за работните односи“.

Член 13

Во член 32 зборовите: „порано остварените пензии се усогласуваат со пензиите остварени подоцна“ се заменуваат со зборовите: „се врши усогласување помеѓу порано и подоцна определените пензии“.

Член 14

Членот 38 се менува и гласи:

„Осигуреникот кој е во работен однос правата врз основа на преостанатата работна способност ги остварува без оглед на навршениот пензиски стаж.

Инвалидот на трудот кој во време на остварувањето на правото не е во работен однос се здобива со право врз основа на преостанатата работна способност без оглед на навршениот пензиски стаж ако инвалидноста е причинета со повреда на работа или професионална болест. Ако инвалидноста е причинета со болест или повреда надвор од работа, инвалидот на трудот се здобива со право по основ на преостаната работна способност под услови утврдени со самоуправен општ акт на Заедницата“.

Член 15

Членот 39 се менува и гласи:

„Правото на работа со скратено работно време, правото на распоредување на други соодветни работи и работни задачи и правото на преквалификација или доквалификација, како и паричните надоместоци во врска со тие права осигуреникот ги остварува во самоуправната организација и заедница во која работел пред настанувањето на инвалидноста, на начин и во висина определена со самоуправниот општ акт на самоуправната организација и заедница.

Средствата за исплата на паричните надоместоци од став 1 на овој член Заедницата и ги надоместува на самоуправната организација и заедница на начин предвиден со самоуправен општ акт на Заедницата.

По исклучок од став 2 на овој член паричните надоместоци за време на чекање на распоредување на други соодветни работи и работни задачи, за време на чекање на преквалификација или доквалификација, како и за време на чекање на распоредување по завршена преквалификација или доквалификација ги исплатува самоуправната организација и заедница.

Кога самоуправната организација и заедница не може да ги изврши обврските од став 1 на овој член, тие обврски ги презема Заедницата во случаи, под услови, на начин и во висина определена со самоуправен општ акт на Заедницата во согласност со општествен договор“.

Член 16

Во член 40 став 1 зборовите на крајот од ставот: „кај работодавачот“ се заменуваат со зборовите: „во Заедницата под услови и на начин утврдени со самоуправен општ акт на Заедницата“.

Ставот 2 се брише.

Член 17

Во член 43 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Осигуреникот кој ги користи правата од став 1 на овој член на товар на средствата на Заедницата, има право на паричен надоместок во висина на разликата меѓу чистиот личен доход што би го остварил на поранешните работи и работни задачи и чистиот личен доход што го остварува на работите и работните задачи на кои е распореден“.

Досегашните ставови 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 18

Во член 44 бројот „40“ се брише, а по зборовите: „Републичката самоуправна интересна заедница за вработување“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита“.

Член 19

Насловот „Надоместок за стручно оспособување на деца со пречки во психофизичкиот развој“ и член 45 се бришат.

Член 20

Во член 51 ставот 2 се менува и гласи:

„На осигуреник кој по навршувањето на 20 години живот бил на отслужување на воениот рок работниот век му се намалува за времето колку што траел отслужениот воен рок“.

Член 21

По член 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

„Член 55-а

Осигуреникот кој ги исполнува условите за здобивање со право на инвалидска пензија има право на најнизок износ на инвалидска пензија.

Најнискиот износ на инвалидската пензија го определува Заедницата со самоуправен општ акт, и тоа:

— за корисниците кои пензијата ја оствариле врз основа на инвалидност настаната со повреда на работа или професионална болест како и за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 30 години (маж), односно над 25 години (жена) во висина како и за корисниците на најнизок износ на старосна пензија од член 28 став 2 алинеја 1 на овој закон,

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж над 25 години (маж), односно над 20 години (жена) во висина како и за корисниците на најнизок износ на старосна пензија од член 28 став 2 алинеја 2 на овој закон и

— за корисниците кои пензијата ја оствариле со пензиски стаж до 25 години (маж), односно до 20 години (жена) во висина како и за корисниците на најнизок износ на старосна пензија од член 28 став 2 алинеја 3 на овој закон".

Член 22

Во член 56 зборовите: „најнискиот и" се бришат.

Член 23

Во член 59 став 1 точка 1 и во став 2 бројот „60" се заменува со бројот „55".

По точка 3 се додава нова точка 4), која гласи:

„4) ако до смртта на брачната другарка имал наполнети 50 години, кога ќе наполни 55 години или ако во тие години станал неспособен за работа".

По став 2 се додава нов став, кој гласи:

„Вдовецот кој го загубил правото на семејна пензија по основа на вршење на родителска должност по наполнети 50 години на живот, се здобива со право на семејна пензија кога ќе наполни 55 години на живот".

Член 24

Во член 62 бројот „60" се заменува со бројот „55".

Член 25

Членот 67 се менува и гласи:

„Членовите на семејството на осигуреникот или корисникот на пензија имаат право на најнизок износ на семејна пензија.

Најнискиот износ на семејна пензија се определува во висина на најнискиот износ на старосна, односно најнискиот износ на инвалидска пензија во зависност од основата од која е определена семејната пензија.

Одредбите на овој закон за додатокот на пензијата и за усогласувањето на старосната пензија се применуваат и на семејната пензија".

Член 26

По член 70 се додава нов член 70-а кој гласи:

„Член 70-а

Одредбите за усогласување на пензиите на начин утврден во член 31 на овој закон се применуваат и на материјалното обезбедување".

Член 27

По член 71 се додава нов член 71-а кој гласи:

„Член 71-а

Одредбите од членовите 69 и 71 на овој закон не се применуваат на индивидуалните земјоделци".

Член 28

Во член 74 став 2 по зборовите: „личен доход" се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

Член 29

Во член 85 став 2 по точка 3 се додава нова точка 4), која гласи:

„4) индивидуалните земјоделци — сами за себе".

Досегашните точки 4) и 5) стануваат точки 5) и 6).

Во став 3 по зборовите „точка 2" се додаваат зборовите: „и точка 4".

Член 30

По член 86 се додава нов член 86-а, кој гласи:

„Член 86-а

Промените на состојбата на инвалидноста, изменетата работна способност, опасноста од настанување на инвалидност и телесно оштетување на осигуреникот, кои се од влијание на правото признато со правосилно решение, можат да се утврдуваат во постапка покрената по барање на осигуреникот.

По исклучок од став 1 на овој член, надлежниот орган за решавање на правата од пензиското и инвалидското осигурување може, на иницијатива на лекар поединец, комисијата за оцена на работната способност или самоуправната организација или заедница, да определи повторен комисиски преглед на инвалидите на трудот со преостанатата работна способност кои по таа основа се здобиле со некое право заради утврдување на промени во состојбата на инвалидноста и потребата од туѓа помош и нега, односно заради утврдување на потребата и можноста за поцелесообразно искористување на преостанатата работна способност".

Член 31

Членот 88 се брише.

Член 32

Членот 89 се брише.

Член 33

Членот 90 се менува и гласи:

„За остварување на правата врз основа на загубување на работната способност, преостаната работна способност, постоење на опасност од настанување на инвалидност, изменета работна способност, телесно оштетување, потреба од помош и нега и неспособност за работа врз основа на која се остварува семејна пензија, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оценка и мислење на стручен орган на Заедницата.

Со самоуправен општ акт на Заедницата се определува составот на стручниот орган од став 1 на овој член и се уредуваат други прашања во врска со неговата работа".

Член 34

По член 98 се додава нов член 98-а, кој гласи:

„Член 98-а

На осигуреникот — индивидуален земјоделец пензијата му се исплатува од денот на плаќањето на пристигнатите придонеси за пензиското и инвалидското осигурување".

Член 35

Во член 119 став 1 по зборот „работниците" се става запирка и се додаваат зборовите: „индивидуалните земјоделци".

Член 36

Во член 120 став 1 по зборот „здружените" се додаваат зборовите: „и индивидуалните".

Член 37

Во член 122 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Доколку се менува финансискиот план, Заедницата може да ги менува стапките на придонесот и во текот на календарската година".

Член 38

Во член 127 во ставот 6 по зборовите: „загарантиран личен доход" се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат.

По ставот 6 се додаваат 4 нови ставови, кои гласат:

„Основици за пресметување и плаќање придонес за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци претставуваат основиците за осигурување. Основиците на осигурување се определуваат според висината на катастарскиот приход од земјоделска дејност.

Индивидуалниот земјоделец, по неговото барање може да биде распореден во повисока основица на осигурување од онаа во која би бил распореден според висината на катастарскиот приход.

Основицата за пресметување и плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци не може да биде помала од 60 насто од просечниот личен доход остварен во Републиката во претходната година.

Заедницата со самоуправен општ акт ги определува основиците на осигурување, а ги зголемува секоја година за процентот со кој се усогласени пензиите во претходната година".

Член 39

Во член 128 став 1 во заградата по бројот „68" се додава бројот „75".

Член 40

Во член 129 по точка 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) индивидуалните земјоделци — сами за себе".

Досегашните точки 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11) и 12) стануваат точки 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12) и 13).

Член 41

Во член 130 став 3 по зборот „дејност" се додаваат зборовите: „како и за работниците чијшто труд како дополнителен го користат други лица".

По став 3 се додаваат 2 нови става, кои гласат:

„Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за индивидуалните земјоделци го врши органот за општествени приходи на општината врз основа на сопствени податоци.

Со самоуправна спогодба меѓу Заедницата и органот за општествени приходи на општината поблиску се уредуваат меѓусебните права и обврски".

Член 42

Во член 135 став 1 точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „при што не се пресметуваат износите на уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување, ниту пак се зема предвид должината на навршениот пензиски стаж на осигуреникот".

Ставовите 2 и 3 се бришат.

Во став 5 зборот „просечното" се заменува со зборот: „веројатното", а после зборот „права" се става точка, а зборовите до крајот на ставот се бришат

Досегашните ставови 4 и 5 стануваат ставови 2 и 3.

Член 43

Во член 137 став 1 бројот „10.000" се заменува со бројот „500.000", а бројот „50.000" се заменува со бројот „1.500.000".

Во став 2 бројот „1.000" се заменува со бројот „50.000" а бројот „5.000" се заменува со бројот „200.000".

Во став 3 бројот „5.000" се заменува со бројот „70.000", а бројот „10.000" се заменува со бројот „1.000.000".

Член 44

Во член 138 бројот „1.000" се заменува со бројот „50.000", а бројот „5.000" се заменува со бројот „200.000".

Член 45

По член 151 се додаваат 11 нови членови, кои гласат:

„Член 151-а

На корисниците на минимална старосна и семејна пензија кои правото на пензија го оствариле според Законот за старосното осигурување на земјоделците, тие права им се обезбедуваат и по влегувањето во сила на овој закон.

Заедницата ги усогласува износите на пензиите остварени од став 1 на овој член со ист процент со кој се усогласуваат пензиите според овој закон.

Член 151-б

Одредбата на член 15 став 2 од овој закон се применува и на самоуправните организации и заедници кои на осигурениците им признале право на паричен надоместок врз основа на преостанатата работна способност од 1 јануари 1984 година до влегувањето во сила на овој закон.

Член 151-в

Со денот на образување на стручните органи од член 90 на овој закон, а најдоцна 3 месеци од денот на неговото влегување во сила престануваат со работа стручните органи за оценка на преостанатата работна способност, постоење на опасност од настанување на инвалидност и изменета работна способност образувани за подрачјето на општината.

Член 151-г

По смртта на корисникот на минимална старосна пензија од член 151-а на овој закон неговиот брачен другар може да се здобие со право на семејна пензија, ако по смртта на корисникот брачниот другар наполнил 65 години живот (маж), односно 60 години живот (жена), а учесник во НОВ до 9 септември 1944 година — 60 години живот (маж), односно 55 години живот (жена).

Семејната пензија од став 1 на овој член се определува во ист износ како и минималната старосна пензија.

Член 151-д

На корисниците на минимална старосна пензија — борци од НОВ пензијата им се зголемува за:

— 60 насто за борци од НОВ пред 9 септември 1943 година до крајот на 1943 година;

— 30 насто за борци од НОВ од 1944 година, и

— 10 насто за борци од НОВ од 1945 година.

Семејната пензија по смртта на корисникот на минимална старосна пензија — борец од НОВ се определува во ист износ како и минималната старосна пензија од став 1 на овој член.

Член 151-ѓ

Средствата за исплата на пензиите од член 151-а и 151-г ги обезбедуваат 50% Републиката и 50% Заедницата.

Средствата за зголемување на пензиите од член 151-д ги обезбедува Републиката.

Член 151-е

Со денот на почетокот на примената на овој закон престанува да важи Законот за старосното осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" бр. 15/78 и 27/86).

Член 151-ж

Со денот на почетокот на примената на овој закон средствата, правата и обврските на општинските и Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците се пренесуваат во Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 151-з

Правата од пензиското и инвалидското осигурување, осигурениците од член 6 на овој закон ги остваруваат под услови утврдени со овој закон, по истекот на 3 години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По исклучок на став 1 на овој член осигурениците од член 6 на овој закон, за инвалидност наста-

ната по влегувањето во сила на овој закон, остваруваат право на инвалидска пензија врз основа на загубена работна способност причинета со повреда на работа или професионална болест со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 151-ѕ

По истекот на рокот од член 151-з на овој закон на осигурениците, заради исполнување на условите за остварување право на старосна, инвалидска или семејна пензија во стаж на осигурување им се смета и времето поминато според Законот за старосното осигурување на земјоделците.

Член 151-и

За утврдување на пензиската основа на индивидуалните земјоделци се земаат основиците на осигурување во кои биле распоредени од 1 јануари 1989 година.

До наполнување на 10 години на осигурување според овој закон, пензиската основа ќе се утврдува врз основа на основиците на осигурување за онолку години на осигурување колку што индивидуалниот земјоделец има по 1 јануари 1989 година".

Член 46

До утврдувањето на правото на надоместок на трошоците за сместување и исхрана на децата со пречки во психофизичкиот развој, со закон, детето на осигуреникот, односно на корисникот на старосна или инвалидска пензија и детето корисник на семејна пензија со пречки во психофизичкиот развој има право на надоместок на трошоците за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување.

Како дете со пречки во психофизичкиот развој, во смисла на став 1 на овој член, се смета дете кое според посебните прописи за категоризација и евидентирање на таквите деца е утврдено дека е со пречки во психофизичкиот развој.

Во рокот од став 1 на овој член, Заедницата со самоуправен општ акт поблиску ќе ги утврди условите и начинот под кои на децата со пречки во психофизичкиот развој им се обезбедува надоместок за сместување и исхрана за време на стручно, односно работно оспособување.

Член 47

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", освен одредбите на членовите 6, 39 и 151-е кои се применуваат од 1 јануари 1989 година.

---

**24.**

Врз основа на член 318 точка 24, член 338 алинеја 6, согласно со член 376 став 1 алинеја 5 и Амандман VII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судија на Уставниот суд на Македонија се избира Вера Терзиева-Тројачанец, секретар на Секретаријатот за законодавство при Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-371/1
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**25.**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО ШТИП

За судија на Окружниот суд во Штип се избира Трајче Бутнејски, судија на Општинскиот суд во Штип.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-352/1
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**26.**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО ШТИП

За судија на Окружниот стопански суд во Штип се избира Љубе Николов, општински јавен правобранител — Штип.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-353/1
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**27.**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови, („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82, 11/87 и 24/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА СТОПАНСКИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

За судија на Стопанскиот суд на Македонија се избира Јосиф Луковски, судија на Окружниот стопански суд во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-355/1
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**28.**

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СТОПАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

За судија на Окружниот стопански суд во Скопје се избира Емилија Димитрова, судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-354/1
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**29.**

Врз основа на член 89 став 4 во врска со член 96 ставовите 1 и 5 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 24/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешува од должноста судија на Окружниот суд во Скопје Светислав Исајловски, поради извршување на потешка повреда на судиската должност, односно на угледот на судската служба.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-351/1
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**30.**

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ“ број 32/87), Собранието на СР Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1939 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување на седницата одржана на 27 декември 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-377/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**31.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средствата за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност во 1989 година, што ја донесе Собранието на Републичката заедница за научно-истражувачката дејност на седницата одржана на 26 декември 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-376/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**32.**

Врз основа на член 249 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО ПРИЛЕП

Се дава согласност на одредбите на Статутот на РО Економски факултет во Прилеп, што се однесуваат на правата и обврските на студентите; организацијата, режимот на студирањето; начинот и постапката за донесување на планови и програми за воспитно-образовната дејност; начинот на одлучување на претставниците на општествената заедница; условите за избор во наставни, наставно-научни, научни и соработнички звања и условите за именување индивидуален работоводен орган, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 14 јануари и 6 декември 1988 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-375/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**33.**

Врз основа на член 60 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Се дава согласност на одредбите на Статутот на ООЗТ Институт за национална историја, што се однесуваат на дејноста на организацијата за научно-истражувачката дејност, донесувањето на плановите за работа и развој, начинот на одлучувањето на претставниците на општествената заедница, издвојувањето на основната организација од работната организација, научно-истражувачката дејност во општонародната одбрана и општествената самозаштита, условите за избор во научни и соработнички звања и условите за именување на работоводен орган, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 2 јули 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-370/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**34.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

д-р Зоран Радоњиќ,

Бранко Чадиковски и

Кирил Нанески.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

Бранко Чадиковски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

Димитар Велков, општествено-политички работник и

Каролина Чукалиева, претседател на Комисијата за организационо-политички развој и кадровска политика при РК ССММ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-369/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**35.**

Врз основа на член 62 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Злата Камџијаш и

Ане Наков.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје, се именуваат:

Кирил Алексовски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Живко Новевски, вработен во Собранието на град Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-366/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**36.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ГАСТРОЕНТЕРОХЕПАТОГОЛИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за гастроентерохепатологија при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Димитар Велков,

Хаме Садо и

м-р Љубица Чонева.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за гастроентерохепатологија при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

Ника Стојановска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

Пејко Блажевски, член на Советот на Републиката и

д-р Видое Стефановски, републички советник во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-365/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**37.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА ПОЛЈОДЕЛСТВО И ГРАДИНАРСТВО ПРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За претставник на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за полјоделство и градинарство при Земјоделскиот факултет во Скопје, се именува

Божидар Андоновски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-367/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**38.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Архитектонскиот факултет — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Лазар Димов и

Ратко Јовановски.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Архитектонскиот факултет — Скопје, се именуваат:

Блажо Ристоманов, член на Советот на Републиката и

инж. Ѓорѓи Пупакоски, директор на ООЗТ во ГРО „Маврово“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-364/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**39.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовни уметности — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

м-р Крсте Богоевски,
Никола Спасовски и
Трајче Јанчев.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовни уметности — Скопје се именуваат:

Трајче Николовски, академски сликар од Скопје,
Трајче Јанчев, академски сликар и
Светлана Топузовска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, член на Одборот за образование, наука и култура.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-370/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

**40.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85, 29/86 и 7/88), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ АПТЕКА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Аптека при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Јордан Јанчевски,
Осман Мифтари и
Петар Стоилов.

2. За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Аптека при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

д-р Петар Гајдов, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

Љубица Ковчегарска, на работа во Градски аптеки Скопје и

Даница Зарезанкова, директор на Фармацевтика во РО „Реплек — Македонија“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-368/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

41.

Врз основа на член 318 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и Препораката за обезбедување услови за заштита на животниот стандард на работниците, другите работни луѓе и граѓаните со ниски приходи во семејството („Службен весник на СРМ“ број 46/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 јануари 1989 година, донесе

## ПРОГРАМА
## НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ И ГРАЃАНИТЕ ВО СРМ ВО 1989 ГОДИНА

### I. ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ЗАСНОВА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ И ГРАЃАНИТЕ ВО УСЛОВИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА ВО 1989 ГОДИНА

Со оваа програма се утврдуваат мерките и активностите за заштитата на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година, а особено на носителите на обезбедувањето на социјално-заштитните и други права и за создавање услови за подобрување на материјалната положба на работните луѓе и граѓаните врз основа на принципот на поширока солидарност и заемност.

Повеќегодишниот побрз пораст на трошоците за живот условија значителен пад на реалните лични доходи во Републиката. Имено, од 1980 година заклучно со октомври 1988 година личните доходи бележат реално опаѓање за 39,9%. На ниво на земјата опаѓањето на реалните лични доходи во истиот период изнесува 24,4%. Споредбата на нивото на личните доходи во нашата Република со нивото на земјата покажува дека разликите и натаму се зголемуваат така што просекот на ниво на земјата во 1980 година бил за 20,5% повисок, а во десетте месеци од 1988 година дури за 46,7%.

Покрај тоа, во Републиката околу 270.000 работници или 57,9% од вкупниот број вработени во месец септември 1988 година примиле потпросечен личен доход. Ваквата споредба на ниво на земјата покажува дека во истиот месец 89,4% од вработените во Републиката примиле личен доход под просечниот на ниво на СФРЈ.

Меѓутоа, треба да се има предвид дека поголемото зголемување на цените во второто полугодие од 1988 година на основните прехранбени производи, енергијата, комуналните услуги и другите производи од просечното, што имаат битно влијание на животниот стандард, како и престанувањето на компензирањето на цените на производите по 28 февруари 1989 година (на брашното и лебот тип „850“, маслото за јадење и пастеризираното млеко), прашањето на економската и социјална сигурност на работните луѓе и граѓаните и натаму ќе се заострува.

Покрај тоа, во 1989 година треба да се очекува во услови на дејствување на мерките на економската политика, пазарното стопанисување и слободниот пораст на цените, зголемување на бројот на работните луѓе и граѓаните чии стандард треба да се заштитува.

Токму за тоа со измените на Општествениот договор за распределба треба подецидно да се дефинираат критериумите врз основа на кои ќе се утврдува личниот доход по основ на тековен труд, односно тој да претставува цена на трудот утврдена врз основа на категоријата најнизок личен доход, што ќе ги задоволува основните животни потреби. Тоа значи, личниот доход по основ на тековен труд треба да биде утврден на повисоко ниво од нивото на загарантираниот личен доход и да ги обезбедува основните животни потреби на работниците. Принципот на заемност и солидарност треба да претставува само корективен фактор со кој се остварува социјална сигурност и облик на решавање на одредени посебни и заеднички интереси, кои единствено можат да се остварат врз принцип на заемност и солидарност и кои го изразуваат социјалниот хуманизам.

Покрај личниот доход, од особено значење за животниот станрард на вработените се и другите права што ги користат вработените по основ на работниот однос, а особено целосната здравствена заштита на сите вработени и на членовите на нивните семејства, средствата за заедничка потрошувачка со кои се обезбедува исплата на регрес на годишен одмор, користење на работнички одмаралишта, топол оброк на вработените, бесплатен превоз, поповолни услови за користење на станбени кредити, солидарни станови, диференцирано плаќање на електричната енергија, субвенционирање на станарината, снабдување со зимница, огрев и слично, правото на детски додаток, општествена заштита на децата преку згрижување во детски градинки и јасли, обезбедувањето на соодветни помагала и права по основ на инвалидското осигурување и сл.

За концептирањето на активна социјална политика. Собранието на Републиката и собранијата на општините треба да создаваат услови за нормално работење на стопанските организации и другите економски субјекти, и тоа пред сè, преку изедначувањето на условите за стопанисување, отстранување на диспаритетот, со соодветна политика на даноци и придонеси, со кредитно-монетарната политика, со стимулирање на вложувањата на општествениот и странскиот капитал, со развојот на малото стопанство, земјоделството, туризмот, станбената изградба, со популационата политика, урбанизацијата, а особено со полицентричниот развој на градовите и сл., со што ќе обезбедуваат можност за поголемо работно ангажирање на населението. Така работникот ќе треба својата социјална сигурност да ја остварува исклучиво по основ на трудот и резултатите од трудот, и со тоа да се напушта сегашната состојба да биде корисник на социјално-заштитните права како во рамките на својата организација, така и во рамките на општествено-политичката заедница. Се разбира, и понатаму во организацијата на здружениот труд треба да се остварува социјалната функција во доменот на средствата за заедничка потрошувачка, т. е. врз принципот на заемност и солидарност да се остваруваат одделни права. Сите други социјално заштитни функции, треба да се пренесат на други субјекти и тоа пред сè, на соодветните самоуправни интересни заедници или други облици на организирање заради остварување на социјалната сигурност. Со тоа конечно ќе се расчистува со дилемата за улогата на организацијата на здружениот труд и на општествено-политичките заедници во остварувањето на социјално-заштитните функции. Имено, организациите на здружениот труд треба да ја имаат основната функција, да создаваат доход, успешно да стопанисуваат со средствата, да создаваат услови за нови вработувања и со своите програми и планови на развој да ја остваруваат и социјалната функција. Од друга страна, Извршниот совет на Собранието на СРМ и извршните совети на општините и самоуправните интересни заедници во рамките на своите надлежности да создаваат услови за нормално работење на организациите на здружениот труд и да бидат субјекти што ќе водат грижа за социјалната политика и социјалната заштита.

Така во условите на пазарното стопанисување, трудот и резултатите од трудот ќе бидат основ од кој ќе произлегуваат сите права и одговорности на работникот во процесот на создавањето и располагањето со доходот. Личниот доход ќе го обезбедува задоволувањето на основните животни потреби и ќе стане стимулативен фактор на зголемување на економичноста, рентабилноста и продуктивноста на трудот. Додека загарантираниот личен доход ќе овозможува само материјална и социјална сигурност на вработениот во условите на пазарното стопанисување и повремените потреси и осцилации кои му се својствени.

Со зголемувањето на личните доходи, а со тоа и со интегралното дејство на економскиот и социјален развој и јакнењето на материјалната основа за задоволување на личните, општествени и заеднички потреби ќе се создадат услови заштитната функција на социјалната политика да се сведе само на оние категории од населението кои од објективни причини не се во можност со својот труд да обезбедат задоволување на своите потреби или на семејствата кои со вкупните примања не ќе бидат во состојба да обезбедат материјална и социјална сигурност.

Тргнувајќи од оваа основа на активната и социјалната политика што ќе се остварува во Републиката во 1989 година, мерките што се предвидуваат со оваа програма првенствено се насочени на заштитата на стандардот на работниците со најниски лични доходи, невработените лица, пензионерите — корисници на најниска пензија односно заштитен додаток, корисниците на социјална и детска заштита, ученичкиот и студентскиот стандард и боречко-инвалидската заштита.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

### 1. Мерки за заштита на стандардот на работните луѓе и граѓаните

1.1. Се воведува од 1 март 1989 година посебен паричен надоместок заради компензирање на зголемувањето на цените на основните прехранбени производи (брашно и леб „ТИП 850", маслото за јадење и пастеризираното млеко), како и престанувањето на нивното компензирање на ниво на земјата заклучно со 28 февруари 1989 година.

Овој надоместок по член на семејството ќе изнесува 11.700 динари и ќе се исплатува на работните луѓе и граѓаните кои остваруваат пониски вкупни приходи по член на семејството од 30% од просечниот месечен чист личен доход во Републиката во претходниот пресметковен период. Валоризацијата на посебниот паричен надоместок во текот на годината ќе се врши на секои три месеци врз основа на ефектите од зголемувањето на цените на наведените производи.

Обезбедувањето на средствата, критериумите, постапката и начинот на остварувањето на правото на посебниот паричен надоместок како и начинот на утврдување на вкупните приходи на членовите на семејството за остварување на овој надоместок се утврдуваат со Општествен договор кој го склучуваат Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Стопанската комора на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, извршните совети на собранијата на општините и надлежните републички самоуправни интересни заедници.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика
Рок: февруари

1.2. Врз основа на Договорот за заедничките основи за утврдување на остварувањето на социјалнозаштитните права, ќе се склучи Самоуправна спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права меѓу самоуправните интересни заедници — носители на социјално-заштитните права. Со спогодбата ќе се утврди општествено договореното ниво на социјалната сигурност, ќе се предвиди воведување на единствена евиденција на корисниците на овие права, критериуми, мерила и постапка за негово остварување, со што ќе се овозможи и преиспитување на веќе утврдените права на секој корисник. Единствената евиденција на корисниците на социјално-заштитните права ќе се води во центрите за социјална работа.

Носител: Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика и надлежни СИЗ
Рок: I тримесечје од 1989 година

1.3. Со донесувањето на Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјалнозаштитните права ќе се изврши усогласување на висината на правата кои произлегуваат од Законот за социјална заштита со висината на општествено договореното ниво на социјална сигурност, искажана во процент од 50% од загарантираниот личен доход во СР Македонија за носителот на правото, односно за соуживателот 40% од износот што се утврдува за носителот на правото или вкупно за целото семејство до износот на загарантираниот личен доход.

Носител. Републичката СИЗ и општинските СИЗ за социјална заштита и други надлежни органи
Рок: I полугодие од 1989 година

1.4. Ќе се донесе нов општествен договор за основите за утврдување на станарината и нејзиното диференцирано субвенционирање.

Носител: Републички комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина и Заедницата на општините и градовите на Македонија
Рок: I тримесечје од 1989 година

### 2. Тековно усогласување на мерките кои веќе функционираат, а што се од значење за животниот стандард

2.1. Паричниот надоместок за невработените лица редовно ќе се усогласува со нивото на загарантираниот личен доход, што значи дека овој надоместок ќе ја следи динамиката на личните доходи на вработените во општествениот сектор. Во текот на годината ќе се врши докуп на пензиски стаж за постарите лица заради остварување на правата на предвремена или старосна пензија согласно со одредбите на Законот за работните односи и Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Носител: Републичка СИЗ за вработување
Рок: Постојано

2.2. Ќе се стимулира вработувањето на невработените лица на кои работниот однос им престанал поради техничко-економски причини, односно поради примена на Законот за санација и престанок на ОЗТ преку исплата на неисплатениот дел од паричниот надоместок што му следува на работникот според Законот, на ОЗТ која повторно ќе го вработи.

Носител: Републичка СИЗ за вработување
Рок: Постојано

2.3. Подобрувањето на материјалната и социјалната сигурност на корисниците на пензија ќе се реализира по пат на усогласување на пензиите со движењето на номиналните лични доходи на вработените во општествениот сектор во Републиката остварени во текот на годината.

Притоа, со цел да се обезбедат пензиите што поблиску и во пократок рок да го следат движењето на личните доходи на вработените во здружениот труд, усогласувањето на пензиите ќе се врши на секои три месеци со оценет пораст на личните доходи наместо со остварениот пораст на лични доходи.

Носител: СИЗ за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија
Рок: На секои три месеци

2.4. Согласно со определбите во врска со примената на членот 25 од Законот за основните права од 1 јануари 1989 година ќе продолжи постапната примена на овој член и тоа за 75% од процентуалната разлика меѓу пензиската основа сведена на

ниво на претпоследна во однос на последната година од работата. Со ова зголемување на пензиите, пензиската основа на сите корисници на пензија ќе се зголеми за околу 4%, додека на новите корисници на пензија, кои правото ќе го остварат во 1989 година, пензискиот основ ќе им се пресметува со примена на валоризациони коефициенти со засметан личен доход од 75% од последната година од работата.

Носител: СИЗ за пензиско-инвалидско осигурување на Македонија

Рок: I тримесечје од 1989 година

2.5. Ќе се обезбеди поефикасна социјално и материјална заштита на корисниците со ниски пензиски примања преку усогласување на законскиот дел на пензиите со порастот на личните доходи и преку усогласување на граничниот износ на најниското пензиско примање со нивото на загарантираниот личен доход во Републиката. На овој начин ќе се обезбеди еднаква минимална материјална и социјална сигурност на корисниците на пензија со вработените во здружениот труд.

Носител: СИЗ за пензиско-инвалидско-осигурување на Македонија

Рок: По истекот на секое тримесечје

2.6. Ќе се врши редовно усогласување на постојаната помош, надоместокот за сместување лица во ОЗТ за социјална заштита или друго семејство и надоместокот за помош и нега од друго лице во согласност со Законот и Самоуправната спогодба.

Носител: Републичка СИЗ за општинските СИЗ за социјална заштита и ОЗТ од социјална заштита

2.7. Усогласувањето на додатокот на деца ќе се врши на секои три месеци со порастот на личните доходи во СРМ, во согласност со материјалните можности на Заедницата со што ќе се обезбеди следење на динамиката на личните доходи, односно пореално утврдување на овој додаток.

Носител: Републичка СИЗ за општествена заштита на децата

Рок: Постојано

2.8. Во областа на згрижувањето и воспитанието на децата од предучилишна возраст ќе се доизградуваат критериумите за регресирање на трошоците за престој во детските градинки за семејства со ниски лични доходи.

Носител: Републичка СИЗ за општествена заштита на децата, општинска СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата

Рок: I полугодие од 1989 година

2.9. Ќе се врши усогласување на бројот на корисниците на стипендии и студентски кредити со потребите од такви кадри во здружениот труд. За таа цел ќе се обезбедуваат стипендии за дефицитарни кадри за кои постои потреба во здружениот труд, а за истите нема високошколска установа во Републиката, како и средства за стипендирање на талентирани ученици и студенти. Висината на стипендиите и кредитите ќе се усогласува со материјалните можности на Заедницата, односно со стапка на вкупниот пораст на средствата на Заедницата.

Носител: Републичка СИЗ за насочено образование

Рок: Постојано

2.10. Усогласувањето на материјалното обезбедување на учесниците во НОВ и инвалидскиот додаток ќе се врши со нивото на загарантираниот личен доход што претставува целосно усогласување со порастот на личните доходи во стопанството на Републиката во претходното тримесечје.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика

### 3. Насоки и активности за изменување и дополнување на нормативни акти што се од значење за подобрување на животниот стандард

3.1. Ќе се определи потребата од изменување и дополнување на Законот за работните односи со што ќе се зголеми нивото на загарантираниот личен доход, така што наместо досегашното решение загарантираниот личен доход да изнесува 70% од просечниот месечен чист личен доход во претходните три месеци во стопанството на Републиката тој да изнесува 75%. Попрецизно ќе се утврдат изворите за обезбедување на средства за негова исплата како и примена на повисоките казни на одговорните лица и на ОЗТ кои ќе извршат исплата на личен доход под нивото на со закон утврдениот загарантиран личен доход.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика

Рок: I полугодие од 1989 година

3.2. Попрецизно ќе се обезбеди примена на одредбите од член 76 од Законот за работните односи, така што при исплатата на загарантираниот личен доход и на одделни работници (а не само кога се исплатува загарантиран личен доход на сите вработени во ОЗТ) да не се пресметуваат и уплатуваат сите придонеси, туку само придонесот за пензиско-инвалидско осигурување и за основната здравствена заштита.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика и Републички секретаријат за финансии

Рок: Веднаш

3.3. Поради сè поголемиот број на ОЗТ кои имаат потреба од позајмица за исплата на загарантирани лични доходи да се измени Законот за фондовите за заеднички резерви со што здружените средства на резервите да се користат најмалку 95% од вкупно расположливите средства за исплата на загарантирани лични доходи.

Носител: Републички секретаријат за финансии

Рок: I тримесечје од 1989 година

3.4. Ќе се измени Законот за висината на средствата за загарантиран личен доход на работниците во организациите на здружениот труд за да се зголеми нивото на средствата за загарантирани лични доходи.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика

Рок: I тримесечје од 1989 година

3.5. Ќе се донесе Закон за единствен регистар на населението во СР Македонија, врз основа на кој покрај другото ќе бидат евидентирани и вкупните приходи на граѓаните со што ќе се овозможи пореално утврдување на потребата од социјално-заштитни права. Со донесувањето на овој закон ќе се овозможи водење на активна социјална политика.

Носител: Републички завод за статистика

Рок: I полугодие од 1989 година

3.6. Со претстојните измени на Законот за пензиското и инвалидското осигурување да се вградат

посоодветни решенија за обезбедувањето на материјалната и социјалната сигурност на корисниците со ниски пензиски примања преку поврзување на висината на пензијата со навршениот пензиски стаж.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика и СИЗ за пензиско-инвалидско осигурување на Македонија
Рок: I полугодие од 1989 година

3.7. Ќе се преземат мерки за утврдување на единствено системско решение во обезбедување на здравствена заштита на корисниците на основни права од социјална заштита.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика, Републичка СИЗ за социјална заштита и Републичка СИЗ за здравствена заштита
Рок: I полугодие од 1989 година

3.8. Ќе се покрене постапка за измена на Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" број 6/81 и 40/87) со што ќе се овозможи преку вработување на помошнички во семејствата и преку ангажирање на личниот труд на граѓаните во вид на занимање, да се зголеми опфатеноста за згрижување на децата, што ќе придонесе за растоварување на стопанството од нови инвестициони вложувања и можност за вработување.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика
Рок: I полугодие од 1989 година

3.9. Ќе се измени Договорот за заедничките основи и мерила при утврдувањето на правата на учесниците во НОВ што ги уредуваат и обезбедуваат собранијата на општините, со кои општините се обврзуваат на учесниците во НОВ кои немаат доволно средства за живеење да им обезбедат минимум право на постојано материјално обезбедување и еднократна парична помош, под единствени цензусни услови, при што износот на материјалното обезбедување да не биде помалку од 25% од просечниот личен доход во општината остварен во претходната година.

Носител: Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика
Рок: I тримесечје од 1989 година

3.10. Ќе се согледаат можностите за изменување на Спогодбата за утврдување висината на надоместокот за сместување лица во друго семејство, со цел за пореално утврдување на трошоците околу згрижувањето и ќе се утврди соодветен надомест за хранителот. Истовремено, ќе се покрене иницијатива за правилно утврдување на статутот на хранителите и истите да се третираат како вработени лица со сите права и обврски.

Носител: Републичка СИЗ за социјална заштита во соработка со соодветните СИЗ од општествените дејности
Рок: I полугодие од 1989 година

3.11. Организациите на здружениот труд да овозможат преку измена на своите самоуправни општи акти за своите пензионирани работници кои не го решиле станбеното прашање првенство при доделување на општествени станови, станбени кредити еднократни парични помошти, како и право за користење на објектите за одмор и рекреација, право на користење на ресторантите за општествена исхрана, вклучување на овие лица во организирано снабдување со зимница, огрев и сл.

Носител: ОЗТ
Рок: Постојано

**4. Препораки и иницијативи за преземање на мерки за заштита на животниот стандард**

4.1. Собранието на СР Македонија препорачува да се покрене иницијатива за формирање на фонд за солидарност на ниво на земјата. Средствата на овој фонд да се користат за компензирање на зголемувањето на цените на основните животни производи, со што би се овозможило соодветно компензирање и одржување на ликвидноста на фондовите во СР и САП.

Носител: Извршен совет на Собранието на СР Македонија
Рок: Веднаш

4.2. Собранието на Социјалистичка Република Македонија им препорачува на собранијата на општините и на Собранието на град Скопје да формираат доколку немаат формирано фонд за солидарност. Средствата на овие фондови ќе се користат за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните, а особено за исплата на дел од паричниот надоместок што го обезбедува општината.

Носител: Извршниот совет на Собранието на град Скопје и извршните совети на собранијата на општините
Рок: I тримесечје од 1989 година

4.3. Во организациите на здружениот труд во кои не се формирани фондови на солидарност да се формираат такви фондови, првенствено од средствата за заедничка потрошувачка како и од други средства (од средствата за лични доходи, остварени заштеди, од продажба на секундарни суровини и сл.).

Носител: Сите ОЗТ и РЗ
Рок: Веднаш

4.4. Во организациите на здружениот труд за да се надминат проблемите со технолошкиот вишок на работници, доколку тој не претставува повеќе од 10% од вработените, да се здружуваат средства пред сè, од средствата на резервните фондови, со што ќе се овозможи исплатата на личните доходи на овие работници да не бидат на товар само на конкретната организација.

Носител: Сите ОЗТ и РЗ
Рок: Постојано

4.5. Со приспособувањето на организациите на здружениот труд кон новите услови на стопанисување кои ќе произлезат од реформските промени, како пазарни и техничко-економски ограничувачки фактори, кога технолошкиот вишок ќе надмине стапка од 10% од вкупно вработените во организацијата, на поширока солидарна основа во рамките на заедниците за вработување ќе се обезбедуваат средства за проширување на можностите за продуктивно вработување во други организации на здружениот труд.

Носител: Републичка СИЗ за вработување и општинските СИЗ за вработување
Рок: I полугодие од 1989 година

4.6. Ќе се преиспитаат програми за стручно оспособување и преквалификација на работниците во општините согласно со потребата што ќе произлезе од преструктуирање на стопанството како резултат на промените на стопанскиот систем, со што тековно ќе се следат потребите на здружениот труд. Покрај тоа, ќе се следат состојбите во ОЗТ особено на тие што имаат нарушување во работењето и уште пред отворањето на стечајна постапка, односно ликвидација да започне постапка за преквалификација на работниците за нови програми за работа.

Носител: Стопанска комора на Македонија, Републичка СИЗ за вработување, извршни-

ните совети на собранијата на општините и општинските СИЗ за вработување и ОЗТ

Рок: Постојано

4.7. При субвенционирањето на сместувањето и згрижувањето на децата во детските градинки ќе се даде приоритет на децата на корисниците на кои им престанал работниот однос и тие со ниски приходи во рамките на расположливите материјални можности.

Носител: Републичката СИЗ за општествена заштита на децата, општинска СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата

Рок: I полугодие од 1989 година

4.8. Ќе се согледаат можностите за зголемување на опфатеноста со бесплатен превоз на учениците, интернатското сместување, партиципацијата во општествената исхрана, дневен престој, бесплатни учебници и сл.

Носител: Републичка СИЗ за општествена заштита на децата, Републичка СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата и општинските СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата

Рок: I полугодие од 1989 година

4.9. Републичката заедница за насочено образование да ги интензивира активностите за постапно воведување на економските односи во ученичкиот и студентскиот стандард, а учеството на учениците и студентите во цената на сместувањето и исхраната да биде сообразено со решенијата од новиот Општествен договор за ученички и студентски стандард. До донесувањето на Договорот ќе продолжи учеството на Заедницата во економската цена на чинење за сместување и исхрана, така што за учениците сместени во ученички домови таа ќе изнесува 40%, а за студентите 70%.

Носител: Републичка СИЗ за насочено образование

Рок: Март 1989 година

4.10. За заштита на стандардот на учесниците во НОВ корисници на материјално обезбедување и на воените инвалиди корисници на инвалидски додаток, доколку дојде до побрз пораст на трошоците за живот од порастот на личните доходи, да се согледаат можностите за исплатата на еднократни парични помошти само на корисниците на кои материјалното обезбедување или инвалидскиот додаток им е единствен извор на приходи во семејството.

Носител: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика

Рок: Во текот на годината

### III. СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

1. Се задолжуваат носителите на активностите на оваа програма, редовно и континуирано да ги следат состојбите и да преземаат потребни мерки за нејзино спроведување.

2. Собранијата на општините, Собранието на град Скопје, самоуправните интересни заедници, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници при изготвувањето на програмите за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните за 1989 година да ги имаат предвид мерките и активностите содржани во оваа програма.

3. Се задолжува Извршниот совет на Собранието на СРМ да ги координира активностите во остварување на мерките од оваа програма и во текот на годината да го информира Собранието на СР Македонија за нејзиното спроведување како и за преземање дополнителни мерки за заштита на животниот стандард.

4. Оваа програма ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-381/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

---

**42.**

Врз основа на член 13 и 14 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира односно именува Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" број 24/85, 39/86 и 32/87), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА АКОНТАЦИЈАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ОДНОСНО ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Вредноста на бодот за пресметување на аконтацијата на личните доходи на функционерите што ги избира односно именува Собранието на СРМ изнесува 497,00 динари.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 10-3377/1 од 10 ноември 1988 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Бр. 10-135/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Томе Дракулевски,** с. р.

**43.**

Врз основа на член 13 и 14 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ број 39/86 и 32/87), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ АКОНТАЦИЈАТА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ФУНКЦИИ, ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СРМ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Вредноста на бодот за пресметување на личните доходи на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ, изнесува 497,00 динари.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 10-3376/1 од 10 ноември 1988 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

4. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Бр. 10-136/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите и именувањата,
**Томе Дракулевски,** с. р.

**44.**

Врз основа на член 11 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ“, бр. 42/80, 38/81, 38/83, 22/85, 42/85, 46/86, 7/88, 14/88 и 42/88)- Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК ОД ДОХОД НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат од плаќање на данок од доход во 1989 година организациите на здружен труд од областа 02 — Земјоделство и рибарство, областа 12 — Образование, наука, култура и информации (освен подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови), областа 13 — Здравствена и социјална заштита (освен подгрупата 130160 — Аптеки), како и организациите на здружен труд од областа на стопанството за доходот остварен во капацитетите лоцирани во граничниот појас и ридско-планинските реони.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 23-228/1
27 јануари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
инж. **Васил Влашки,** с. р.

**45.**

Врз основа на член 89 а од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

1. Се разрешува од должност секретар на Секретаријатот за законодавство Вера Терзиева — Тројачанец, поради заминување на друга должност, заклучно со 31 декември 1988 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-209/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**46.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА ВО ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ, МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ И СООБРАЌАЈОТ

1. За советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот се назначува Жарко Турновалиев, судски вештак во Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-208/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**47.**

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ број 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРНА СЛУЖБА ВО СОСТАВ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

1. За директор на Републичката управа за ветеринарна служба во состав на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство се именува д-р Александар Налетоски, досегашен виши научен соработник во Ветеринарниот институт „Скопје“ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-207/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**48.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува Митра Спасовска, секретар на Комисијата за прашања од тековната економска и социјална политика и Комисијата за прашања на производството и вршење на услугите за потребите на општонародната одбрана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-206/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**49.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува Слободанка Чепиљугин, секретар на Комисијата за прашања од областа на планирањето и развојот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-205/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**50.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува Зорица Петрова, самостоен советник за изготвување на заклучоците и записниците од седниците на Советот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-204/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**51.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува Љуба Ѓорѓиева, секретар на Комисијата за прашања од областа на општествените дејности.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-203/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**52.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се назначува м-р Душанка Чучевска, началник на Одделението за информационо-документациона дејност во Советот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-202/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

---

**53.**

Врз основа на член 7 став 3 од Законот за учество на Републиката во финансирањето на сеизмолошката и инженерско-сеизмолошката дејност, („Службен весник на СРМ“ број 18/83), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТИТЕ ШТО СЕ ФИНАНСИРААТ ОД РЕПУБЛИКАТА ЗА ИНЖЕНЕРСКО-СЕИЗМОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат работите што се финансираат од Републиката за инженерско-сеизмолошката дејност на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје за 1989 година и тоа:

1. Инсталирање и редовно одржување на мрежата од инструменти за регистрација на силните земјотреси на територијата на Социјалистичка Република Македонија.

— Одржувањето на мрежата на инструменти формирана од 26 акцелерографи тип SMA-1 и 32 сеизмоскопи WM-1.

1.1. Редовна теренска контрола да се врши трипати годишно преку:

— проверување на состојбата на инструменти и локацијата,

— вршење на калибрациони тестови и

— вршење замена на акумулаторските батерии и филмовите кај акцелерографите и задимените стакла кај сеизмоскопите.

1.2. Лабораториска контрола, обработка и припрема со:

— лабораториска обработка на калибрационите тестови,

— евиденција на карактристиките и другите податоци за инструментите,

— припрема за теренска контрола,

— специјални сервиси со поправка (по потреба)

— замена на дотраени делови (по потреба) и

— детално подесување на карактеристиките (по потреба)

1.3. Постапка во случај на случен земјотрес и тоа:

— итна обиколка на локациите и инструментите,

— вонредна теренска контрола на инструментите и

— собирање на регистрации на филм

2. Собирање, обработување и анализирање на регистрациите на силните земјотреси, публикување на регистрациите, изготвување на технички подлоги за утврдување на сеизмичкиот ризик на одделни подрачја, дополнување на картата на земјотресната реонизација на Социјалистичка Република Македонија и за изготвување на техничките прописи за проектирање и градење на објектите во земјотресни подрачја.

2.1. Техничка обработка на регистрациите и тоа:

— развивање на филмови во фото-лабораторија,

— одредување на калибрациони карактеристики на инструментите,

— изработка на контакт-копии и

— архивирање на регистрациите.

2.2. Финалната обработка на регистрациите и тоа:

— дигитализирање на податоците и компјутерска обработка на податоците во временски и фреквентен домен,

— конверзација на дигитализирани податоци во единици по меѓународниот систем на единици,

— добивање на некоригирани податоци за забрзување (некоригирани акцелерограми),

— пресметување на коригирани податоци за забрзување, брзината и поместувањето (коригирани временски истории) и

— пресметување на спектри на одговор и фуриерови спектри.

3. Проучување на последиците од силните земјотреси, давање на стручна помош за извршување на класификацијата за степенот на оштетување и употребливоста на објектите, изготвување на општи и технички нормативи за уривање, расчистување и санација на оштетените објекти (по укажана потреба) и

4. Меѓународна размена на податоци од случените силни земјотреси (по укажана потреба).

II

Финансиски средства за извршување на работите по оваа програма се обезбедени со буџетот на СР Македонија за 1989 година во вкупен износ од 11.000.000 динари.

III

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-75/2
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**54.**

Врз основа на член 7, став 3 од Законот за учество на Републиката во финансирањето на сеизмолошката и инженерско-сеизмолошката дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТИТЕ ШТО СЕ ФИНАНСИРААТ ОД РЕПУБЛИКАТА ЗА СЕИЗМОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ НА СЕИЗМОЛОШКАТА ОПСЕРВАТОРИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат работите што се финансираат од Републиката за сеизмолошката дејност на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје за 1989 година и тоа:

1. Постојано следење-регистрирање, анализирање и архивирање на податоците за земјотресите, преку постојаните сеизмолошки станици во Скопје, Валандово и Охрид, што подразбира:

— одржување на инструментите во сеизмолошките станици во непрекидно исправна состојба, подготвеност на вработените во постојана мобилност, поради следење и регистрирање на сеизмичките појави, собирање, систематизација, чување, анализирање и проучување на податоците и благовремено известување.

2. Обработка на регистрациите и податоците за утврдување на основниот сеизмички ризик на одделни подрачја и на целата територија на СР Македонија.

— врз анализа на сите земјотреси регистрирани во сеизмолошките станици, заедно со податоците од меѓународната размена ќе се врши одредување на времето, епицентарот, интензитетот и други параметри на земјотресите на подрачјето на Македонија, со цел да се обезбедат изворни и оригинални податоци за сите соодветни општествени и научни потреби;

— вршење задачи од интерес за општонародната одбрана и општествената самозаштита, во смисла на предупредување, укажување и информирање за појавата на земјотреси и последиците од нив, со цел за благовремено преземање на превентивни мерки од страна на надлежните органи и организации за заштита на загрозеното население и материјалните добра, а во согласност со Законот за заштита од елементарни непогоди на СРМ и прописите за изградба на сеизмичките подрачја;

— известување на надлежните републички и општински органи и организации и на јавноста, за настанатиот земјотрес и степенот на загрозеноста од него, со цел преземање на брзи и ефикасни оперативни мерки за отстранување на настанатите последици;

— изработка на сеизмолошки билтен, каталози, карти, кои укажуваат на сеизмичката опасност на територијата на СР Македонија, неопходни како подлога за потребите на ЈНА, а со цел за преземање на потребните заштитни мерки при планирањето и изградбата на објектите во Републиката и за изработка на плановите за заштита од елементарни непогоди, на ниво на Републиката и општината.;

— постојано подготвување, собирање, средување и чување на архивот од инструментални и микросеизмички податоци, како основа на сите проучувања, за практични, општествени и научни цели;

— одржување на целокупната опрема (набавка на потрошен материјал, резервни делови, помошна опрема и др.) и набавка на научна и стручна литература, со цел Сеизмолошката опсерваторија постојано да ја извршува својата функција на современо техничко и научно ниво.

3. Изработка и постојано дополнување на картата на земјотресна реонизација на територијата на СР Македонија.

— Обработка и синтеза на добиените податоци за утврдување на основниот сеизмички ризик и постојано надополнување на картата на земјотресна реонизација на територијата на СРМ и одделни подрачја.

За овaa цел во 1989 година ќе се изготви следното:

— каталог на земјотресите во Македонија во 1988 година;

— карта на изосеисти на настанатите земјотреси во 1988 година,

— епицентрална карта на СРМ за 1988 година;

— следење на тековната сеизмичка активност на територијата на СР Македонија, во 1989 година.

4. Објавување на податоците за сеизмичките појави.

— Постојано публицирање на резултатите од работата во вид на сеизмолошки билтени, каталози и др., во рамките на југословенската и меѓународната сеизмолошка публицистика.

5. Меѓународната размена на податоците за случените земјотреси.

— Постојано подготвување, средување и праќање на фотокопии на сеизмограми на земјотреси, сеизмолошки билтени и други стручни публикации, во рамките на меѓународната размена со четирите светски сеизмолошки центри и со околу 200 сеизмолошки институции во светот. Врз основа на ова, Опсерваторијата формира посебен архив од инструментални податоци за земјотреси од територијата на СР Македонија од сеизмолошките станици во светот и други публикувани материјали, што имаат научно и практично значење, за потребите на Републиката;

— Вршење задачи и работи што произлегуваат од воспоставената соработка или здружување со соодветни стручни институции во земјата и странство, а се од интерес за унапредување на сеизмолошката дејност.

II

Финансиски средства за извршување на работите по оваа програма се обезбедени од Буџетот на СР Македонија за 1989 година во вкупен износ од 329.760.000 динари.

1. Постојано следење — регистрирање, анализирање и архивирање на податоците за земјотресите преку постојаните сеизмолошки станици 131.904.000 динари

2. Обработка на регистрациите и податоците за утврдување на основниот сеизмички ризик на одделни подрачја и на целата територија на СР Македонија 129.660.000 динари

3. Изработка и постојано дополнување на картата на земјотресна реонизација на територијата на СРМ 32.980.250 динари

4. Објавување на податоците на сеизмичките појави 26.380.800 динари.

5. Меѓународна размена на податоците за случените земјотреси 8.834 950 динари.

III

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-75/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

55.

Врз основа на член 107, став 3 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 12/87), републичкиот секретар за финансии донесува

## НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТОРОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ВИСТИНСКИОТ ПРИХОД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

1. Факторот за утврдување на вистинскиот приход од земјоделска дејност, во смисла на член 107 став 3 од Законот за даноците на граѓаните за 1988 година, изнесува 6,9.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-86/2
24 јануари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

56.

Врз основа на член 60, а во врска со член 59 од Законот за заштитата при работа („Службен весник на СРМ" бр. 17/87), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊЕ И ПРЕГЛЕДИ ПО ПРОПИСИТЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

1. Институтот за заштита при работа од Нови Сад ги исполнува пропишаните услови за вршење на испитувања и прегледи по член 59 од Законот за заштитата при работа за потребите на други организации и тоа за:

— хемиски штетности,
— осветлување,
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— микроклима,
— вибрации,
— дигалки,
— преси и макази на механизиран погон со рачно додавање,
— купатила со нитратни соли и
— развивачи за ацетилен и ацетиленски станици.

2. РО Институт заштите од Бања Лука ги исполнува пропишаните услови за вршење на испитувања и прегледи по член 59 од Законот за заштитата при работа за потребите на други организации и тоа за:

— хемиски штетности,
— осветлување
— штетни зрачења (освен јонизирачки),
— бучава,
— микроклима,
— вибрации,
— дигалки,
— преси и макази на механизиран погон со рачно додавање,
— купатила со нитратни соли и
— развивачи за ацетилен и ацетиленски станици.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 03-1
5 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд,
здравство и социјална политика,
проф. д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**57.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за градежната инспекција („Службен весник на СРМ“ бр. 27/67), претседателот на Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ГРАДЕЖНИОТ ИНСПЕКТОР

1. Легитимацијата со која се утврдува својството на градежен инспектор се издава според образецот кој е составен дел на ова упатство.

2. Големината на легитимацијата е 10 x 7 см, а нејзините корици се полутврди и обоени со црвена боја

3. Легитимацијата важи за календарската година во која е издадена односно за календарската година за која е нејзиното важење продолжено, доколку изрично не е означен покус рок.

Продолжувањето рокот на важењето на легитимацијата го врши органот што ја издал легитимацијата.

4. Градежниот инспектор на кого функцијата му престанала, должен е веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да ја врати легитимацијата на органот што ја издал.

5. Заменувањето на постојните легитимации ќе се изврши најдоцна до 30. VI. 1989 година.

6. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за легитимацијата на градежниот инспектор („Службен весник на СРМ“ број 41/67).

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11-93/2
20 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина,
дипл. инж. арх. **Андреј Токарев,** с. р.

ОБРАЗЕЦ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА
НА ГРАДЕЖНИОТ ИНСПЕКТОР

(формат 10 x 7 см)

(прва страна на кориците
грб на Републиката)

ЛЕГИТИМАЦИЈА
НА ГРАДЕЖНИОТ ИНСПЕКТОР

(втора страна на кориците
фотографија големина 6 x 4 см)

________________________
(своерачен потпис на инспекторот)

(прва внатрешна страна)

________________________
(назив на органот кој ја издал легитимацијата)

________________________, овластен е на
(име и презиме на инспекторот),

__________ на __________ да ги врши работите на градежната инспекција предвидена со соодветните прописи и ги врши правата и должностите што се утврдени со нив на градежниот инспектор.

Број __________

ден ______ 19 — година

во __________

(М. П.)

________________________
(потпис на функционерот на органот)

(Втора, трета, четврта итн. внатрешна страна)
Легитимацијата важи:

До __________ 19 ____ година
(м. п.)

________________________
(потпис на функционерот на органот)

До __________ 19 ____ година
(м. п.)

________________________
(потпис на функционерот на органот)

До __________ 19 ____ година

________________________
(потпис на функционерот на органот)

(Третата и четвртата страна од кориците остануваат празни)

---

**58.**

Врз основа на член 66 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ број 38/85), Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ИНСПЕКТОР

1. Легитимацијата со која се утврдува својството на урбанистички инспектор се издава според образецот кој е составен дел на ова упатство.

2. Големината на легитимацијата е 10 x 7 см, а нејзините корици се полутврди и обоени со црвена боја.

3. Легитимацијата важи за календарската година во која е издадена односно за календарската година за која е нејзиното важење продолжено, доколку изрично не е означен покус рок.

Продолжувањето рокот на важењето на легитимацијата го врши органот што ја издал легитимацијата.

4. Урбанистичкиот инспектор на кого функцијата му престанала, должен е веднаш, а најдоцна во рок од три дена да ја врати легитимацијата на органот што ја издал.

5. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за легитимацијата на урбанистичкиот инспектор („Службен весник на СРМ“ број 41/67).

6. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11-93/1
20 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за урбанизам, градежништво, сообраќај и заштита на човековата околина,
дипл. инж. арх. **Андреј Токарев,** с. р.

ОБРАЗЕЦ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА
НА УРБАНИСТИЧКИОТ ИНСПЕКТОР

(формат 10 x 7 см.)

(прва страна на кориците
грб на Републиката)

ЛЕГИТИМАЦИЈА

НА УРБАНИСТИЧКИОТ ИНСПЕКТОР

(втора страна на кориците
фотографија големина 6 x 4 см)

_______________

(своерачен потпис на инспекторот)

(прва внатрешна страна)

_______________

(назив на органот кој ја издал легитимацијата)

_______________ е овластен

(име и презиме на инспекторот)

на _______________ на _______________ да ги врши работите на урбанистичката инспекција предвидени со соодветните прописи и ги врши правата и должностите што се утврдени со нив за урбанистички инспектор.

Број _______________

ден _______________ 19—— год.

Во _______________

(М. П.)

_______________

(потпис на функционерот на органот)

(втора, трета и четврта внатрешна страна)
Легитимацијата важи:

До _______________ 19—— година

(М. П.)

_______________

(потпис на функционерот на органот)

До _______________ 19—— година

(М. П.)

_______________

(потпис на функционерот на органот)

До _______________ 19—— година

(М. П.)

_______________

(потпис на функционерот на органот)

(Петта, шеста итн. внатрешна страна. Извод од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање. Текст на членот 67, 68 и 69).

(Третата и четвртата страна од кориците остануваат празни)

59.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 426 став 4 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 6 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 58 став 1 точка 4 и став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83) престанал да важи на 31 декември 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

3. Уставниот суд на Македонија, со одлука У. бр. 64/86, од 1 јуни 1988 година, утврди дека член 58 став 1 точка 4 и став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување не е во согласност со член 204, член 212 став 6 и член 239 од Уставот на СР Македонија, затоа што, предвидувајќи погодности за стекнување на семејна пензија во зависност од полот на брачниот другар, го доведува во нееднаква положба вдовецот и вдовицата при еднакво исполнување на условите што за нив се предвидени за стекнување на семејна пензија.

Со доставувањето на оваа одлука за Собранието на СР Македонија започна да тече рокот од 6 месеци утврден во член 426 став 2 од Уставот на СР Македонија, во кој Собранието е должно неуставната законска одредба да ја усогласи со Уставот.

Со оглед на тоа што означениот рок истече на 31 декември 1988 година, а Собранието на СР Македонија не го усогласи Законот со Уставот, ниту, во смисла на член 426 став 3 од Уставот на СР Македонија побара од Уставниот суд рокот да го продолжи, Судот утврди дека, врз основа на член 426 став 4 од Уставот на СР Македонија, означените законски одредби престанале да важат.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 64/86
6 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**32.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56 и 57 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83 и 4/87), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварени во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација или соодветно вработување на инвалидите на трудот со преостаната работна способност и привремениот на-

доместок до вработувањето на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој, се усогласуваат за 8,26 насто.

Основа за определување на износот на усогласувањето од став 1 на овој член претставува износот на пензијата и паричниот надоместок усогласен според Одлуката за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр. 49/88).

Усогласувањето од став 1 на овој член припаѓа од 1 јануари 1988 година.

Член 2

На учесниците во НОВ од пред 9 септември 1943 година на кои пензијата им е определена од гарантираната пензиска основа усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на износот на гарантираната пензија.

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши и на пензиите определени според пензискиот стаж и личниот доход на корисниците на најнизок износ на пензија и додаток на пензијата.

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1988 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1988 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж но најмногу до износот на највисоката пензија во 1988 година зголемен за процентот од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1988 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурувањето остварени во 1988 година.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на корисниците на пензија од органите на управата надлежни за внатрешни работи и семејни пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1988 година во кои примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 37/80 и 24/88), како и на пензиите на работниците во казнено-поправните и воспитно-поправните домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците во 1988 година во кои примале пензија согласно член 37-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ“ бр. 19/79 и 35/86).

Член 6

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941“ со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941“.

Член 7

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-228/1
25 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**33.**

Врз основа на член 217 точка 5 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ број 19/83) и член 63 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Извршниот одбор на Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 26 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И УТВРДУВАЊЕ ДИНАМИКА НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Се донесува:

1. Програма за запознавање на природата и општеството за I, II и III одделение;
2. Програма за запознавање на општеството за IV одделение.

Член 2

Се утврдува следната динамика на примена:

1. на Програмата за запознавање на природата и општеството за I одделение, од учебната 1989/90 година со постојаниот учебник (на албански, турски и српскохрватски јазик);
2. на Програмата за запознавање на природата и општеството за II одделение од учебната 1990/91 година со усовршен учебник (на македонски, албански, турски и српскохрватски јазик);
3. на Програмата за запознавање на природата и општеството за III одделение од учебната 1990/91 година со усовршен учебник на македонски и албански јазик и со постоен учебник на турски јазик.

Истата Програма за III одделение на турски наставен јазик со нов учебник ќе се применува од учебната 1991/92 година;

4. на Програмата за запознавање на природата за IV одделение ќе се применува од учебната 1991/92 година со нов учебник.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 12-76/3
26 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Душан Ачовски,** с. р.

**34.**

Врз основа на член 47 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на седницата одржана на 26 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОБВРСКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ДЕЦА И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1989 ГОДИНА НА РУДНИЦИ И ИНДУСТРИЈА „ФЕНИ“ — КАВАДАРЦИ

Член 1

Рудници и индустрија за никел и антимон „Фени“ — Кавадарци, во делот на објектот кој мирува, се ослободува од обврска за здружување средства од личен доход од вработените, во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и ос-

новно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување на додаток на деца и за основно образование за 1989 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година до 31 декември 1989 година.

Бр. 11-75/5
26 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Павлина Василева,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**35.**

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ" бр. 32/87) и член 17 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување во согласност со Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за вработување за 1989 година што се уплатува на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување, се утврдува на 0,50%.

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за вработување се зема остварениот личен доход на работниците во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (од бруто личните доходи на работниците) во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници.

Член 2

Средствата од член 1 став 1 на оваа одлука ќе се користат за социјална заштита на невработените лица што се остваруваат врз заемност и солидарност на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-1528
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател,
**Ангелина Азеска,** с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

**36.**

Врз основа на член 76 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 32/87) и член 34 од Статутот на ЗСИЗ за вработување на град Скопје, Собранието на СИЗ за вработување на општините Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и Собранието на ЗСИЗ за вработување на град Скопје, на седницата одржана на 28 декември 1988 година, донесоа

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за вработување на подрачјето на град Скопје за 1989 година се утврдува на 0,30% освен за:

— организациите на здружен труд од основното и средното насочено образование и од социјална заштита во висина од 0,15%;

— организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејности и заштита на културните блага и организациите од областа на сценско-музичките дејности во висина од 0,21%.

Член 2

Придонес за вработување плаќаат работниците и работодавците — членови на заедницата за вработување.

Член 3

Пресметувањето и плаќањето на придонесот за вработување се врши за:

— работниците во организациите и работниците кај работодавец, од личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход;

— работодавецот од основицата според која се плаќа данок од личен доход;

— за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ, придонесот за вработување се утврдува на 15% од вкупниот износ на данокот, и

— работниците на привремена работа во странство уплатуваат придонес за вработување според одлуката за утврдување на основицата и стапката за пресметување и плаќање придонес за вработување, донесена од Собранието на Републичката СИЗ за вработување.

Член 4

За начинот на пресметувањето и уплатувањето на придонесот за вработување се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Облогот за наплатата на придонесот за вработување на работодавците го врши надлежниот орган за приходи на Собранието на општината.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 6

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и „Службен гласник на град Скопје".

Бр. 08-8116/12-а
28 декември 1988 година
Скопје

Претседател,
**Ратка Николовска,** с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на основицата и стапката за пресметување и плаќање придонес за вработување за лица на привремена работа во странство, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 50/88, се поткраднала грешка поради што се дава

ИСПРАВКА

на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на основицата и стапката за пресметување и плаќање придонес за вработување за лица на привремена работа во странство

Во член 2 наместо 1988 година треба да стои „1989 година".

Бр. 02-1528/3
30 јануари 1989 година
Скопје

Од Републичката СИЗ за вработување — Скопје

---

Врз основа на член 78 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија на Окружниот суд во Битола

Се повикуваат заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 74 од Законот за редовните судови, пријави со биографски податоци за движењето во работата и другите активности да поднесат до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ

## СОДРЖИНА


22. Закон за жичарите и ски-лифтовите — — 45
23. Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување — — — — — — — — — — 47
24. Одлука за избор на судија на Уставниот суд на Македонија — — — — — — — 51
25. Одлука за избор на судија на Окружниот суд во Штип — — — — — — — — 51
26. Одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд во Штип — — — — — 51
27. Одлука за избор на судија на Стопанскиот суд на Македонија — — — — — — 51
28. Одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд во Скопје — — — — 52
29. Одлука за разрешување од должноста судија на Окружниот суд во Скопје — — — 52
30. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1989 година 52
31. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за утврдување на начинот на обезбедување на средства за задоволување на заедничките потреби во научно-истражувачката дејност во 1989 година — — — 52
32. Одлука за давање согласност на Статутот на Работната организација Економски факултет во Прилеп — — — — — — — — — 52
33. Одлука за давање согласност на Статутот на ООЗТ Институт за национална историја — 53
34. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ортопедски болести при Медицинскиот факултет во Скопје 53
35. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје — — — — — — 53
36. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за гастроентерохепатологија при Медицинскиот факултет — Скопје — — — — — — — — — — 53
37. Одлука за именување претставник на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за полјоделство и градинарство при Земјоделскиот факултет во Скопје — 54
38. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Архитектонскиот факултет — Скопје — — — — — — — — — — 54
39. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Факултетот за ликовни уметности — Скопје — — — — — — — — — — 54
40. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Аптека при Медицинскиот факултет — Скопје — — — — — — 54
41. Програма за мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година — 55
42. Одлука за вредноста на бодот за пресметување на аконтацијата на личните доходи на функционерите што ги избира односно именува Собранието на СР Македонија — 59
43. Одлука за вредноста на бодот за пресметување аконтацијата на личните доходи на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во стручните служби на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — — 60
44. Одлука за ослободување од плаќање на данок од доход на организациите на здружен труд за 1989 година — — — — — 60
45. Решение за разрешување од должност секретар на Секретаријатот за законодавство 60
46. Решение за назначување советник на директорот на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот — — 60
47. Решение за именување директор на Републичката управа за ветеринарна служба во состав на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство — — 60
48. Решение за назначување советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 61
49. Решение за назначување советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 61
50. Решение за назначување советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 61
51. Решение за назначување советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 61
52. Решение за назначување советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 61
53. Програма за работите што се финансираат од Републиката за инженерско-сеизмолошката дејност на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје за 1989 година — — — — — — — — 61
54. Програма за работите што се финансираат од Републиката за сеизмолошката дејност на Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје за 1989 година — — — — — — — — 62
55. Наредба за утврдување на факторот за пресметување на вистинскиот приход од земјоделска дејност — — — — — — — 63
56. Решение за исполнување на условите за вршење испитување и прегледи по прописите за заштита при работа — — — 63
57. Упатство за образецот на легитимацијата на градежниот инспектор — — — — — — 64
58. Упатство за образец и начинот на издавање на легитимацијата на урбанистичкиот инспектор — — — — — — — — — — 64
59. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 64/86 од 6 јануари 1989 година — 65


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ


32. Одлука за аконтативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на личните доходи во Републиката во 1988 година — — — — — — — — — 65
33. Одлука за донесување на програми за воспитно-образовна дејност во основното воспитание и образование и утврдување динамика на нивна примена — — — — — — 66
34. Одлука за ослободување на обврска за здружување на средства во Републичката самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за остварување на додаток на деца и основно образование за 1989 година на Рудници и индустрија „Фени“ — Кавадарци — — — — 66
35. Одлука за утврдување на стапката на придонесот за вработување за 1989 година — 67
36. Одлука за утврдување стапката на придонесот за вработување на подрачјето на град Скопје за 1989 година — — — — — 67

**Исправка** на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на основицата и стапката за пресметување и плаќање придонес за вработување за лица на привремена работа во странство — — — 67


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**